**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**07 Мај 2018 година, Гевгелија Број 6 Година XXXIX**

По извршеното срамнување на изворниот текст е констатирано дека во текстот на Одлуката за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја" за учество на Втор за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.: 2014TC16I5CB006-2018-2 („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/2018 ) е направена техничка грешка, поради што се дава

**ИСПРАВКА**

**На Одлуката за одобрување на поднесување на предлог – проектот „Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.:2014TC16I5CB006-2018-2**

Во член 4 наместо зборовите: „проектни партнери се Дирекција Национален Парк Пирин и НВО Агенцијата за економски развој од Банско, Република Бугарија" **треба да стојат зборовите: „проектен партнер е НВО Агенцијата за економски развој од Банско, Република Бугарија".**

Бр.09-672/2
04.05.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Комисијата за статут и прописи,
***Ристо Камов с.р.***

---

Врз основа на член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 46 став (4) од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија бр. 25/06 и 8/2010 год), Комисијата за статут и прописи на Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 04.05.2018 година, го утврди **пречистениот текст на**

**ОДЛУКА**

**За одобрување на поднесување на предлог – проектот „Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја" за учество на Втор повик за проектни предлози на Интеррег-ИПА Програма за прекугранична соработка Р.Бугарија-Р.Македонија 2014-2020, бр.: 2014TC16I5CB006-2018-2**

**Член 1**

Се одобрува поднесување на предлог – проектот **„Зголемување на иновациите и одржливоста во заштитените подрачја"**, по приоритетна оска **1. Животна средина,** мерка **1.1 Заштита на животна средина и одржливо користење на заедничките природните ресурси во областа за прекугранична соработка,** Тематски приоритет (б): Заштита на животната средина, промовирање на адаптација и ублажување на климатските промени, заштита од ризици и управување;

**Член 2**

Со проектот од **член 1** ќе се учествува на Вториот повик за проектни предлози од Програмата Интеррег-ИПА за прекугранична соработка Бугарија-